Влада на Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

ГРАЃАНСКИ ДНЕВНИК НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Арх. бр. 02- 548/1
Датум: 17.06.2020г.

Место: Скопје

Проф. д-р Зоран Шапуриќ
В.Д Директор,
Државен инспекторат за земјоделство
(м.п.)

Врз основа на член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019 и 110/2019), а во врска со Заклучоците на Владата на Република Македонија, донесени на Дваесет и првата седница одржана на 05.12.2006 година, В.Д Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство донесува

ГРАЃАНСКИ ДНЕВНИК
на Државен инспекторат за земјоделство

Иницијативата "Граѓански дневник" е одговор на барањето за решавање на проблемите со кои се среќаваат граѓаните во секојдневната, интеракција со организациите или институциите кои обезбедуваат јавни услуги. Граѓанскиот дневник претставува декларација со која органот/ите јавно се обврзуваат кон јавноста за стандардите на услугите кои ги даваат и едновремено им овозможува на граѓаните:

- лесен пристап до услугите кои нив лично ги засегаат и
- можност за оценка на дадените услуги.

Формуларот (Прашалник) за оценување на услугите од страна на корисниците преставува едноставен прашалник со кој граѓаните корисници на одредени услуги се прашуваат за начинот, брзината, временскиот рок за добивање на услугата и едновремено преставува можност за давање предлог за унапредување на начинот на давање на услугите.

Формуларот е достапен на следниот начин:

- Печатен-во хартиена форма, поставен на видно место во институцијата и
- Електронска форма-објавен на веб порталот http://diz.gov.mk/?page_id=174 (Граѓански дневник)

Оценката дадената преку посебениот Формулар за оценка на услугите претставува алатка за мерливост на успешноста на органите во секој индивидуален случај.

1. ЦЕЛ НА ГРАЃАНСКИОТ ДНЕВНИК

Целта на Граѓанскиот дневник е да придонесе кон подобрување на квалитетот на јавните услуги преку дефинирање на начинот и стандардите во давањето на услугите, вклучувајќи го видот на услугите, рокот, како и системот на коментари, жалби и поплаки. Крајната цел на Граѓанскиот дневник е да се подобрат односите помеѓу администрацијата и граѓаните и да се обезбеди задоволство кај граѓаните од работата на Државниот инспекторат за земјоделство.

2. КОЈА Е ВИЗИЈАТА / МИСИЈАТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

- **МИСИЈА**

Нашата мисија е да врши организирани, ефикасни, ефективни, квалитетни, функционални инспекциски надзори од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството, фитосанитарната политика и аквакултурата на територијата на Република Северна Македонија, стручно оспособување и усовршување на своите вработени, зајакнување на владеењето на правото и организираниот криминал.

- **ВИЗИЈА**

Нашата визија е зголемување на благосостојбата и подобрување на животниот стандард, развој и ревитализација на руралните средини во Република Северна Македонија, усовршување на владеењето на правото и намалување на организираниот криминал со што ќе се обезбеди побрз пристап во ЕУ.

3. КОИ СЕ КОРИСНИЦИ НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

3.1 физички лица (граѓани);
3.2 здруженија;
3.3 правни лица (домашни и странски);
3.4 институции и органи на системот;

4. КОИ СЕ ЗАЛОЖБИТЕ И ОБВРСКИТЕ НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО КОН ГРАЃАНИТЕ?

4.1 квалитетни услуги;
4.2 навремени, брзи и точни услуги;
4.3 комуникација со корисниците;
4.4 запазување на рокови во давање на услугите;
4.5 одговорност во работењето;
4.6 давање информации на корисниците;
4.7 достапност на услугите на Државен инспекторат за земјоделство;
4.8 јавност во работењето;

5. КОИ УСЛУГИ ГИ ДАВА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) е основан согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, а својата организација, надлежности, овластувања, постапки и сл. ги врши согласно Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на законите од областа на земјоделството, фитосанитарна политика, руралниот развој, рибарството и аквакултурата и на поблиските прописи донесени врз основа на законите од овие области.

Инспекторатот врши и инспекциски надзор согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

5.1 Инспекторатот во својата надлежност е овластен да врши инспекциски надзор преку контроли и прегледи на:

1) земјоделското земјиште, земјоделски посеви и насади;
2) производство и промет на производи за заштитата на растенија;
3) производство и промет на семенски и саден материјал;
4) производство и промет на ѓубрења;
5) производство и промет на квалитет на храна за животни;
6) евиденција на приплоден и друг добиток, преглед на земјоделскиот имот, на објекти и опрема при држење на добитокот, врши преглед на исхраната, утврдува земјоделска инфраструктура, врши надзор на држењето на пчели и пчеларски ред за испаша, водење на матични книги и обележувања, го утврдува исполнувањето на критериумите за производство, потекло на добитокот и надзор на прометот на добитокот и приплодниот материјал, како и надзор над работата на одобрените институции и одгледувалишта на пчелни матици;
7) производство, промет и улов на риби;
8) генетски модифицирани организми;
9) радионуклиди во храна за животни, растенија и семенски материјал;
10) производство и промет на афион;
11) производство и промет на органски производи;
12) производство и промет на вино;
13) производство и промет на тутун;
14) производство и промет на цвеќе и декоративни растенија;
15) пасишта;
16) правни и физички лица за добивање на финансиска поддршка во земјоделството;
17) настанати полски штети;
18) опремата и простории каде што се врши преработка и доработка на земјоделски производи;
19) земјоделска механизација, техника и транспортни средства;
20) процесите на преработка и доработка во сите фази, се до финалниот производ;
21) зоните чувствителни на нитрати и наводнување и одводнување;
22) спроведување на препораките за добра земјоделска пракса;

23) просториите за чување и одржување на земјоделските производи и
24) деловни простории, книги, исправи, материјали во електронска форма, документација која се води и чува во електронски медии, а на барање да се изработат во писмена форма која мора веродостојно да ја потврдува електронската форма, службени регистри и други јавни бази на податоци и друга документација преку која се остварува увид во извршувањето на законите и поблиските прописи.

Инспекторатот врз основа на Законот за државниот инспекторат за земјоделство, исто така, е овластен да врши инспекциски надзор на правни и физички лица преку контрола на квалитетот и прегледи на пратките од увоз, извоз, производство, откуп, промет на земјоделски производи, семе и саден материјал, цвеќе и декоративни растенија, производи за заштита на растенија, вино и производи од вино и грозје, енолошки средства, јаки алкохолни пијалаци, ѓубриња, тутун и тутунски производи, органски производи, гмо, храна за животни, приплоден добиток, сперма од добиток, јајце клетки, ембриони.

Инспекторатот постапува по барања од правни и физички лица за проверување и утврдување на исполнување на условите за увоз на одделни земјоделски производи, за прозводство и откуп на земјоделски производи и тутун, како и за утврдување на исполнување на условите за регистрација на откупни пунктови, винарски визби, рибници, пломбирање на мрежи. За извршените контроли на квалитет, Инспекторатот издава уверение за квалитет-сертификат. Правните и физички лица, се должни да поднесат барање до Инспекторатот и во истото да дадат точни податоци со комплетна документација за потребната контрола. Контролите на квалитет на пратки од увоз се вршат на место на истовар, а за пратки за внатрешен промет и за извоз се вршат на местото на утовар. Местото на истовар, односно утовар, мора да биде наведено во транспортниот документ.

Рибочуварите ги чуваат државните риболовни води кои не се дадени на концесија за риби од бесправен риболов и риболовни кражби. При чувањето рибочуварот составува записник и доколку констатира неправилност привремено ги одзема риболовните средства и риба за што издава потврда за привремено одземени риболовни средства и риба, а одземените риболовни средства и риба со целокупната документација ги доставува до инспектор.

Соработка на инспекциските служби во вршење на заеднички надзор.

5.2 Инспекторатот врши и фитосанитарна контрола на пратки од растенија, растителни производи и други објекти и предмети и производи за заштита на растенијата како и утврдување за исполнување на условите за издавање на фитосанитарен сертификат, фитосанитарен сертификат за реекспорт и пасош за растенијата.

Име на услугата	Стандард за доставување	Одговорен
5.1 Инспекциски надзор во спроведувањето на одредбите од законските и подзаконските прописи кои ја регулираат областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство. **Барање за утврдување на услови (http://diz.gov.mk/?page_id=1525)** -Барање за проверување и утврдување на услови **Барање за уверение за квалитет** **http://diz.gov.mk/?page_id=1475** - Барање за издавање на уверението за квалитет – сертификат/пропратен документ за производот што се извезува, увезува или пушта во внатрешен промет	Континуирано	Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство

5.1 Инспекциски надзор во спроведувањето на одредбите од законските и подзаконските прописи кои ја регулираат областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубрења, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство. **Барање за утврдување на услови (http://diz.gov.mk/?page_id=1525)** -Барање за проверување и утврдување на услови **Барање за извоз на вино** **http://diz.gov.mk/?page_id=1123** - Барање за издавање на придружен документ за извоз на вино, производи од винско грозје и производи од вино **Барање за уверение за квалитет** **http://diz.gov.mk/?page_id=1475** - Барање за издавање на уверението за квалитет – сертификат/пропратен документ за производот што се извезува, увезува или пушта во внатрешен промет.	Континуирано	Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубрења, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство
5.1 Инспекциски надзор во спроведувањето на одредбите од законските и подзаконските прописи кои ја регулираат областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи. **Барање за утврдување на услови (http://diz.gov.mk/?page_id=1525)** -Барање за проверување и утврдување на услови **Барање за уверение за квалитет** **http://diz.gov.mk/?page_id=1475** - Барање за издавање на уверението за квалитет – сертификат/пропратен документ за производот што се извезува, увезува или пушта во внатрешен промет.	Континуирано	Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи

5.2 Инспекциски надзор во спроведувањето на одредбите од законските и подзаконските прописи кои ја регулираат областа на фитосанитарната политика. **Фитосанитарни барања/пријави** **http://diz.gov.mk/?page_id=1048** - Пријава за добивање на Фитосанитарен сертификат за извоз на пратки, - Пријава за добивање на Фитосанитарен сертификат за реекспорт на пратки, - Пријава за фитосанитарен преглед на пратки растенија, растителни производи и други објекти и предмети, производи за заштита на растенијата и ѓубрива при увоз, - Пријава за фитосанитарен преглед на пратки растенија, растителни производи и други објекти и предмети, производи за заштита на растенијата и ѓубрива при транзит, - Барање за издавање на Фитосанитарен сертификат за извоз/ Фитосанитарен сертификат за реекспорт/ Пасош за растенија (замена на пасош на растенијата).	Континуирано	Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика
Постапување по претставки и предлози	Континуирано	Преку Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци, до надлежниот сектор за инспекциски надзор согласно областа која ја опфаќа предметното барање
Прием - одобрување на пратки на EXIM	Континуирано	Одделение за EXIM -едношалтерски систем за дозвола за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти.

6. СИСТЕМ ЗА ПОПЛАКИ И ПРЕТСТАВКИ

Услугите ќе бидат обезбедени од страна на сите вработени во Државниот инспекторат за земјоделство. Доколку имате некакви жалби или поплаки во врска со обезбедување на услугите и стандардите кои се погоре споменати, Ве молиме да се обратите на следните именувани службеници:

Име и презиме: Славица Конуков
Работно место: помлад соработник во Одделение за информатички технологии
Локација: Државен инспекторат за земјоделство,
булевар Гоце Делчев бр. 18 зграда на МРТВ кат 13 Скопје
П.факс: 804
Контакт телефон/факс: (02) 3121 – 462
Електронска пошта: slavica.konukov@diz.gov.mk

Име и презиме: Бесим Бафќари
Работно место: советник за нормативно правни работи
Локација: Државен инспекторат за земјоделство,
булевар Гоце Делчев бр. 18 зграда на МРТВ кат 13 Скопје
П.факс: 804
Контакт телефон/факс: (02) 3121 – 462
Електронска пошта: besim.bafqari@diz.gov.mk

ПРАШАЛНИК за ГРАЃАНСКИ ДНЕВНИК

Која е Вашата позиција?
Заокружете:

- Одговорно лице во правно лице
- Вработен во правно лице
- Физичко лице

Вработен

- Административен службеник
- Државен земјодески инспектор
- Државен фитосанитарен инспектор

Оценете колку сте задоволни од начинот на комуникација, професионалноста и однесувањето на административниот службеник?

- Многу не задоволни
- Не задоволни
- Просечно задволни
- Задоволни
- Многу задоволни

Дали *административниот службеник* при давање на услугата го почитуваат „Кодексот за административни службеници "?

- 1
- 2
- 3
- 4
- 5

Оценете колку сте задоволни од комуникацијата со инспекциската служба?

- Многу незадоволни
- Незадоволни
- Просечно задоволни
- Задоволни
- Многу задоволни

Дали од инспекторатот ги добивте сите неопходни информации во однос на инспекциската постапка и тоа што таа ќе опфати?

- ДА
- НЕ

Дали инспекторите при вршење на инспекциски надзор го почитуваат „Етичкиот кодекс на инспекторите"?

- ДА
- НЕ

Дали сте задоволни од начинот на комуникација, професионалноста и однесувањето на инспекторите?

- Многу незадоволни
- Незадоволни
- Просечно задволни
- Задоволни
- Многу задоволни

Дали инспекторите кои го спроведоа инспекцискиот надзор имаат способност да ги образложат заклучоците од инспекцискиот надзор?

- ДА
- НЕ

Оставете дополнителен коментар (опционално)

Испрати